**20241923334**

## АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

Врз основа на член 24 став (1) алинеја 3) и член 129 став (3) Законот за електронски комуникации („Службен весник на РМ“ број 39/14, 188/14, 44/15,193/15, 11/18, 21/18, 98/19, 153/19 и 92/21) Директорот на Агенцијата за електронски комуникации, на ден 30.8.2024 година, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ПРЕСМЕТКА НА ГОДИШНИОТ НАДОМЕСТОК ЗА КОРИСТЕЊЕ НА РАДИОФРЕКВЕНЦИИ

Член 1

Во Правилникот за начинот на пресметка на годишниот надоместок за користење на радиофреквенции („Сл. весник на РМ“ број 192/2021) во член 3 точка 2, во табелата за коефициентот F:

- за радиофреквенциски опсег 55000 - 92000 MHz вредноста на коефициентот F „0.025“ се заменува со „0.01“ и
- за радиофреквенциски опсег над 92000 MHz вредноста на коефициентот F „0.01“ се заменува со „0.005“.

Член 2

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото објавување во „Службен весник на Република С Македонија“.

По влегувањето во сила овој Правилник ќе биде објавен и на веб-страницата на Агенцијата за електронски комуникации.

Бр. 0201-2253/5
30 август 2024 година
Скопје

Директор,
**Јетон Акику,** с.р